Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ ХАРМОНИЈА** со седиште на ул. 3 бб Долно Коњаре, Куманово, ги исполнува условите за Хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДГПИТ КЛИМО КОМЕРЦ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Јужноморавски бригади 5 бр. 23 Скопје поднесе барање бр. 13-5297/1 од 21.09.2016 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ХАРМОНИЈА, со седиште ул. 3 бб Долно Коњаре, Куманово, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. 13-5297/2 од 13.10.2016 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 (Службен весник на Република Македонија бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 44-8656/1 -16**
**3 март 2017 година**
**С к о п ј е**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ